АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 04.10.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4711 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, и 142/16), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** од 12 до 18 септември 2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 3 октомври 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (најмалку 8 часа во текот на неделата инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од која 50% забавна и 50% народна, при што е дозволено отстапување од 5% во однос на поделбата на емитувањето на забавната и народната инструментална, вокална и/или вокално–инструментална музика; и најмалку половина од обврската за музиката да се оствари во периодот од 7 до 19 часот);

   – **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, емитуван од 12 до 18 септември

2016 година, на државно ниво, не се констатирани прекршувања на член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со мониторингот е утврдено дека програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје:

- Ја почитува обврската во текот на неделата да емитува најмалку 8 часа инструментална музика од македонски автори и вокална и/или вокално-инструментална музика на албански, турски и/или македонски јазик. Во анализираната недела емитуваше 21 час 57 минути и 48 секунди музика;
- Ја почитува обврската за процентуална распределба на емитуваната музика - 50% од музиката да биде забавна, а 50% народна музика. Народната музика беше застапена со 17 часа 53 минути и 2 секунди, а забавната музика со 4 часа 4 минути и 46 секунди;
- Ги почитува одредбите од став 6 на член 92, најмалку половина од обврската за музика, да ја оствари во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во неделата кога е извршен надзорот, во овој период, емитуваше вкупно 13 часа 59 минути и 55 секунди инструментална музика од македонски автори и вокална и/или вокално-инструментална музика на албански јазик, од кои 10 часа 26 минути и 22 секунди народна и 3 часа 33 минути и 33 секунди забавна музика.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***